Покана за учество во акција за пошумување

Почитувани,

Во име на Институтот на сметководители и овластени сметководители (ИСОС), со задоволство би сакала да Ве поканам да ни се придружите во **акцијата за пошумување, која ќе се одржи на 23 ноември 2026 година, со почеток во 09:00 часот, во близина на акумулацијата „Мавровица“, Светиниколско.**

Акцијата се организира во рамките на проектот „Зелена трансформација преку пошумување, зелени работни места и младинска инклузија“, кој го спроведува ИСОС со финансиска поддршка од Европската Унија, во рамките на проектот „Зелена младина, зелен раст“.

Целта на проектот е придонес кон зелена трансформација, развој на зелени работни места и активно вклучување на младите во одржливи практики. Преку оваа акција, заеднички ќе придонесеме за обновување на зелените површини и подигнување на свеста за важноста на заштитата на животната средина.

За учесниците во акцијата ќе биде обезбеден организиран превоз. Деталите за местото и времето на поаѓање ќе бидат дополнително споделени со пријавените учесници.

Ве молиме Вашето присуство да го потврдите **најдоцна до 19 ноември 2026 година**, на е-пошта: isos@isos.com.mk или на телефонскиот број: +389 72 305 927.

Во прилог Ви ја доставуваме програмата за акцијата.

Придружете ни се заедно да садиме за позелена иднина!

Со почит,
Весна Прентоска
Претседател на ИСОС

„Зелена трансформација преку пошумување, зелени работни места и младинска инклузија“
Проектот е финансиран од Европската унија преку проектот „Зелена младина, зелен раст“

Програма

Акција за пошумување

23.11.2026 г. (понеделник)
09:00-14:00 часот
Акумулација Мавровица, Светиниколско

09:00 – 09:30	**Регистрација на присутните**
10:00 – 10:30	Практични насоки за правилно садење, безбедност при работа и распределба во групи
10:30-14:00	Пошумување со стручна поддршка

Оваа акција е спроведувана од:

ИСОС ИНСТИТУТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И ОВЛАСТЕНИ СМЕТКОВОДИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Финансирано од Европската унија преку проектот:

ЗЕЛЕНА МЛАДИНА ЗЕЛЕН РАСТ